**П Р О Г Р А М А**
**ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА**
**ЗА 2023 ГОДИНА**

Согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата,член 370, („Службен весник на Република Македонија” бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 302/20 и 122/21), а со цел подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во општина Крива Паланка, а во соработка со Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и Локалната самоуправа , Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на седницата одржана на 07 декември 2022 година донесе;

**ПРОГРАМА**
**ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ЗА 2023 ГОДИНА**

Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот (ОСБСП) за 2023 година произлегува од задачите кои треба да ги реализира Советот, а со цел унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во општина Крива Паланка. Програмата за работа предвидува реализација на поголем број активности од едукативно - образовен карактер, активности за подигање на јавната свест за правилно и одговорно однесување во сообраќајот и информирање на граганите за состојбите во сообраќајот а со цел подигање на сообраќајната култура кај граѓаните.

За реализација на програмата Советот ќе остварува успешна соработка со останатите партнери и институции во општината кои имаат за цел подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата и реализација на мерките за унапредување .

Предвидените активности во програмата за 2023 година Советот ќе ги реализира со формирање на комисија за реализација на предвидената активност:

- Комисијата за сообраќајно воспитание и обрзование на децата и младите
- Комисијата за информирање .

Овие активности ќе се реализираат во согласност и со подршка од Локалната самоуправа , Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата како и со Министерството за внатрешни работи Крива Паланка, а во соработка со основните и средните училиштата и детските градинки и останати партнери.

| Ред. број | Активност | Цел и опис на активност | Реализација | Период | Очекувани резултати од активноста |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Активности на ОСБСП за спроведување на истражувачки проекти** | Водење на ефективни кампањи со јасно дефинирани цели и задачи | Организирање и спроведување на анкети, прибирање на податоци од МВР и анализа на податоци | Во текот на 2023 година | Добивање на јасни и прецизни податоци со кои што ОСБСП ќе се служи во организирањето и спроведувањето на кампањи и активности со цел зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата |
| **2.** | **Активности на ОСБСП за сообраќајно едукативно дејствување** | Активности за едукација и подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот | Превентивно едукативни активности | Во текот на 2023 година | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку едукација и подигање на јавната свест за одговорно учество во сообраќајот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.** | **Организирање на работилница** | Организирање на работилница со претставници од основните и средни училишта со цел јакнење на нивните капацитети за сообраќајно превентивно дејствување на локално ниво | Организација на работилница со претставници на РСБСП | Во текот на 2023 година | Јакнење на капацитетите на основните и средни училишта и зголемување на сообраќајно превентивно дејствување на локално ниво |
| **4.** | **Активности по повод 8 – март и подигање на свеста за улогата на жената во безбедноста на патниот сообраќај** | **Организација на трибина и други едукативни активности** | ОСБСП во соработка со партнерите. | Во текот на Март, 2023 година | Подигање на свеста за значењето и улогата на жената за унапредување на безбедноста на патниот сообраќај |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | **Кампања за унапредување на безбедноста на децата во сообраќајот** | Подобрување на безбедност на децата во сообраќајот преку зголемена сообраќајна едукација на децата и нивно оспособување за правилно и одговорно учество во сообраќајот | Организација на сообраќајно едукативни активности во градинките и основните училишта - квиз натпревари, дефилеа,едукативни предавања, практично запознавање на сообраќајниот систем, едукативно возење, изработка на едукативни видео спотови, тетарски претстави за деца, едукативни видео спотови, тетарски претстави за деца, ликовни, музички и литературни конкурси на тема децата и безбедноста во сообраќајот и др. | Во текот на 2023 година | Подобрување на безбедноста на децата во сообраќајот преку нивна едукација и оспособување за безбедно учество во сообраќајот |
| 6. | **Кампања за унапредување на безбедноста на децата во сообраќајот** | Подигање на свеста кај возачите за внимателно и одговорно учество во сообраќајот и заштита на децата во сообраќајот | Видео совети од јавни личности, организација на работилници во основните училишта, закуп на медиумски простор, акции за дистрибуција на едукативнми материјали, и др | Во текот на 2023 година | Подобрување на безбедноста на децата во сообраќајот преку подигање на јавната свест за внимателно однесување во сообраќајот во близина на места со зголемена фрекфенција на деца во сообраќајот. |
| 7. | **Кампања за унапредување на безбедноста на децата во сообраќајот – Детски семафор** | Подобрување на безбедноста на сообраќајот преку едукација и запознавање на децата и младите со основните правила во сообраќајот на начин прифатлив за нив | Активности на ОСБСП во соработка со РСБСП, училиштата и МВР преку Комисијата за образование во организација на сообраќајни манифестаци и активности од образовно -едукативен карактер поврзани со учениците од основните и средните училишта | Април – Мај, 2023 година | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку едукативни активности со посебен ацент на подобрување на безбедноста на децата-учениците како учесници во сообраќајот |
| 8. | **Реализација на активности за едукација и подигање на јавната свест за правилно паркирање** | Организирање на кампања за зголемување на јавната свест за штетните последици од погрешното пракирање | Во соработка со МВР и Јавните претпријатија за паркинг организација на едукативни работилници, сообраќајно едукативни материјали и акција ‘сто најлошо паркирани возила” | Во текот на 2023 година | Подобрување на безбедноста во сообраќајот и неговата протечност преку подигање на јавната свет за важноста и потребата од правилни и одговорно паркирање на моторните возила. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **9.** | Реализација на **кампања за унапредување на безбедноста на пешаците и велосипедистите во сообраќајот** во соработка со МВР, РСБСП, здруженијата на велосипедисти и останати партнери | Подигање на јавната свест за правилно и одговорно учество на пешаците и веелосипедистите во сообраќајот и подигање на јавната свест за почитување на ранливите групи на учесници во сообраќајот како рамноправни учесници во сообраќајот | Реализација на кампања-јавни настани, дефилеа, хепенинзи и други активности за подобрување на безбедноста на пешаците и велосипедистите во сообраќајот | Во текот на 2023 година | Намалување на бројот на сообраќајни нзгоди во кои учесници се пешаците и велосипедистите во сообраќајот а со тоа и намалување на бројот на загинати и повредени лица во сообраќајни незгоди |
| **10.** | **Организирање и одржување на седниците на ОСБСП и Организирање и реализирање на седниците на Комисите при РСБСП** | Реализација на програмските активности на ОСБСП | Оперативно разгледување и имплементација на тековните задачи на ОСБСП во насока на реализирање на Програмата за работа за 2023 година, како и разгледување на конкретни иницијативи, предлози и прашања во врска со постигнувањето и унапредувањето на безбедноста на сообраќајот на патиштата | Во зависност од потребите за реализација на утврдените активности предвидени со Програмата за работа на ОСБСП за цела година | Ефикасно реализирање на програмските активности на ОСБСП |

**За реализација на оваа програма финансиската вредност на предвидените активности изнесуваат:**

1. Активности на ОСБСП за спроведување на истражувачки проекти 7.000, 00 ден денктивности на ОСБСП за сообраќајно едукативно дејствување 7.000, 00 ден
2. Организирање на работилница 7.000, 00ден
3. Активности по повод 8 – март и подигање на свеста за улогата на жената во безбедноста на патниот сообраќај 12.000, 00 ден
4. Кампања за унапредување на безбедноста на децата во сообраќајот 7.000, 00ден
5. Кампања за унапредување на безбедноста на децата во сообраќајот 7.000, 00 ден
6. Кампања за унапредување на безбедноста на децата во сообраќајот – Детски семафор 7.000, 00ден
7. Реализација на активности за едукација и подигање на јавната свест за правилно паркирање 7.000, 00ден
8. Реализација на кампања за унапредување на безбедноста на пешаците и велосипедистите во сообраќајот во соработка со МВР, РСБСП, здруженијата на велосипедисти и останати партнери 7.000, 00 ден
9. Организирање и одржување на седниците на ОСБСП и Организирање и реализирање на седниците на Комисите при ОСБСП 7.000, 00ден

Вкупно: 75.000, 00ден

За поефикасно и порационално реализирање на планираните активности Советот ќе соработува со сите чинители и субјекти кои се грижат за безбедноста на децата во сообраќајот, а пред се детската градинака, основните и средните училишта, инспекторот по превенција во сообракајот , полицијското одделение за сообраќај, локална самоуправа, автошколите во општината, транспортните фирми, такси компаниите и др.

Советот преку свои членови и комисија ке придонесува на планот на подобрување на сообраќајно-техничкото уредување на сообраќајниците во градот со цел по правилно и побезбедно одвивање на сообраќајот во општината. Ќе ги потсетува надлежните за

извршување  на нивните надлежности со предлози и мерки за решевање на сообраќајни проблеми заради поголема безбедност на граѓаните.

**Информирње** Заради поголема ефикасност во работата на советот и дејноста сообраќај која е дел до секојдневниот живот на секој граѓанин  Советот ќе има постојана соработка со средствата за информирање од општината, а со цел граѓаните да се информират и едуцират. Тоа ке се реализира низ разни форми на  информирање, спотови, пораки  и други форми на информативно едукативни содржини. Ке ги информирањето граѓаните за работата на Советот и неговите активност. Ќе ја покренеме иницијативата за редовна емисија од областа на сообраќајот на програмите на средствата за информирање  во општината или на социјалните мрежи, каде ќе има можност да се зборува за сообраќајот, за проблемите, законска регулатива, информирање  и упатување совети и пораки кон граѓаните, а со цел на поефикасен  начин да се  подига  јавната свес кај граѓаните за правилно и одговорно учество во сообраќајот на пешаците и подигање на одговорноста кај возачите за почитување на пешаците како рамноправни  учесници во сообраќајот.

**Бр.09-4665/11**
**07.12.2022 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Председател**
**Изабела Павловска**